# ПАРЦИЈАЛЕН ДОГОВОР ЗА МОБИЛНОСТ НА МЛАДИТЕ СО ПОМОШ НА МЛАДИНСКА КАРТИЧКА



Мир
социјална кохезија
интеркултурен дијалог
учество
човекови права
демократско граѓанство
истражувања

Развој на младинска политика

partial agreement on youth mobility through the EUROPEAN YOUTH CARD

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE




## ШТО Е ПАРЦИЈАЛЕН ДОГОВОР:

Парцијален договор е посебна форма на соработка во рамките на Советот на Европа. Со овој вид договор на земјите-членки им се овозможува да се приклучат или да се воздржат од одредена активност што ја заговараат другите земји-членки. Од статутарна гледна точка, Парцијалниот договор останува активност на Организацијата исто како и другите програмски активности. Исклучокот е во фактот што Парцијалниот договор има свој сопствен буџет и свои методи на работа што ги утврдуваат само членовите на Парцијалниот договор.

## ПАРЦИЈАЛЕН ДОГОВОР ЗА МОБИЛНОСТ НА МЛАДИТЕ СО ПОМОШ НА МЛАДИНСКА КАРТИЧКА

Ова е Парцијален договор од отворен вид, односно држави кои не се членки на Советот на Европа или не се потписници на Европската конвенција за култура, имаат право да му пристапат (види подолу).

Парцијалниот договор е во доменот на Секторот за млади на Советот на Европа и на тој начин ги следи приоритетите и целите и на секторот за млади и на Советот на Европа како целина.

## ЦЕЛИ:

### 1. Развивање на програма за младински картички

Оваа програма е создадена во 1991 год. а во нејзиниот Статут се утврдува: „Парцијалниот договор ќе има за цел развивање на програма за младински картички, особено на европско ниво а во најдобар интерес на младите […] со цел да се олесни нивната мобилност, како и нивниот пристап кон разнородни добра и услуги неопходни за нивен личен и културен развој ". Секое лице помладо од 30 години може да стане носител на младинска картичка при што не е неопходно за младото лице да биде студент или жител на европска земја.

Младинските картички им овозможуваат на младите - без оглед жители или патници, пристап до совети, попусти и поволности во областа на мобилност, сместување, култура, јазични курсеви и услуги и производи како на Интернет (по категорија, град или земја) така и надвор од него. Големо внимание се посветува на развојот и мерењето на квалитетот на услугите што се пружаат со цел да се постигне нивно долгорочно позитивно влијание.

### 2. Развивање на подобри младински политики за владите членки и заедно со нив

ЕВтората цел е задоволување на интересите и потребите на владите-членки во доменот на младинската мобилност и младинските картички. Програмата за работа е осмислена на начин да може да создава и мобилизира знаења за овие прашања, да споделува најдобри практики и на тој начин да нуди подобри решенија за политиките (семинари, работилници, симпозиуми, итн.). Овие активности се проследени со публикации за најдобри практики и препораки за конкретни активности наменети за земјите и националните организации  кои се членки на Европската асоцијација за младински картички – ЕАМК (EYCA).

Во програмата за работа може да учествуваат и држави кои не пристапиле кон Парцијалниот договор, на сопствен

трошок. Учеството на претставниците од земјите-членки се финансира во целост.

За таа цел вклучени се бројни засегнати страни: влади, европски институции, деловна заедница, експерти, академици, младински невладини организации, национални/државни организации за младински картички, како и самите млади кои поседуваат картички. На тој начин земјите-членки и активно придонесуваат и имаат корист од експертизата на Парцијалниот договор.

## КАКО СЕ РЕАЛИЗИРА:

Програмата на активности е под надзор на Координативен одбор составен од 17 члена:

- 8 претставници на земјите-членки на Парцијалниот договор назначени од Комитетот на министри при Советот на Европа;
- 8 члена на Европската асоцијација за младински картички кои таа ги назначува;
- 1 претставник назначен од Советодавниот орган за млади без право на глас.

Програмата за работа на Парцијалниот договор се спроведува во соработка со Европската асоцијација за младински картички, ЕАМК (EYCA). Асоцијацијата е непрофитно здружение основано во 1987 година. Таа претставува повеќе од 40 национални организации за младински картички низ цела Европа со над 5 милиони картички во употреба. Сите членови на ЕАМК (EYCA) се обврзуваат да промовираат, индивидуално и колективно, мобилност на младите, здрав начин на живот и активно граѓанство меѓу младите.

## ПОСТАПКА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ПАРЦИЈАЛНИОТ ДОГОВОР:

### За земјите-членки на Советот на Европа и земјите-членки на Европската конвенција за култура:

Овие земји-членки можат во секој момент да пристапат кон Парцијалниот договор, едноставно со изјава за таа цел до Генералниот

секретар. Давањето изјава се состои од испраќање на службено писмо или вербална нота од министерот за надворешни работи или од Постојаниот претставник на земјата во Советот на Европа, упатена до Генералниот секретар на Советот на Европа.

## За држави кои не се членки ниту на Советот на Европа ниту на Европската конвенција за култура:

На предлог на Европската асоцијација за младински картички и Координативниот одбор на Парцијалниот договор, Комитетот на министри може да покани која било земја што не е членка на Советот на Европа да се приклучи на Парцијалниот договор, по претходна консултација со другите држави кои пристапиле кон овој Договор а не се членки на Советот на Европа.

## Совет на Европа

Советот на Европа е пан-европска политичка организација основана во 1949 година за унапредување на меѓународната соработка, мирот, демократијата и човековите права низ цела Европа. Развива заеднички одговори на заедничките предизвици во сите сфери на човековиот живот, освен во економските и воените области. Советот на Европа брои 47 земји-членки и 50 земји-членки на Европската конвенција за култура и опфаќа 820 милиони Европејци.

## Сектор за млади на Советот на Европа

Советот на Европа ја поддржува активната улога на младите во општеството преку разни европски активности, кои се реализираат преку меѓу-владина соработка, со обуки и едукативни активности наменети за и кои се спроведуваат со невладини организации кои се занимаваат со младите и младинските лидери. Европските младински центри во Стразбур и Будимпешта, Европската фондација за млади и Парцијалниот договор за мобилност на младите со помош на Младинската картичка се основни инструменти за спроведување на овие активности.

## Контакт во секретаријатот на советот на европа

Дирекција за демократско учество
Одделение за млади (зграда Агора)
Оддел за младинска политика
Парцијален договор за мобилност на младите преку Младинската картичка
(Directorate of Democratic Participation
Youth Department (Agora building) Youth Policy Division
Partial Agreement on Youth Mobility through the Youth Card)

F-67075 Strasbourg Cedex
Тел.:+33 (0)3 88 41 29 98

**youthmobility@coe.int**
**https://www.coe.int/en/web/youth/youth-mobility**

Prems 074021

MKD

**www.coe.int**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 47 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

partial agreement on youth mobility through the EUROPEAN YOUTH CARD

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE